***Број: 02 - 6330/2***
***16.05.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 16.05.2008 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател. Отсутен поради службено патување во странство;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради службено патување во странство;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Стојан Петрески, началник на одделението за имотно правни односи (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, седницата ја водеше Заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска. Таа ја отвори седницата, утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXIV седница на УО одржана на 29.04.2008 година.*

1. *Усвојување и разгледување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари-март 2008;*
2. *Ин Витро Фертилизација (ИВФ):*
   - *утврдување на референтни цени*
   - *анализа за вид и обем на ИВФ услуги*
   - *правилник за финансирање на ИВФ услуги*
   - *предлог договори и буџети за ИВФ услуги*
3. *Измени на буџетски плафони за Здравствени установи врз основа на изменет обем на ХОББ;*
4. *Правилник за заштита на лични податоци;*
5. *Матични стоматолози – мислење од Стоматолошка Комора;*
6. *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бифосфонати;*
7. *Разно*

*Потоа праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Ромела Поповиќ Трајкова, предложи да се разгледаат и Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Предлог одлуките за отстапување на основни средства на неколку јавни здравствени установи како и Предлог Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXXIV седница на УО одржана на 29.04.2008 година.*

1. *Усвојување и разгледување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари-март 2008;*
2. *Ин Витро Фертилизација (ИВФ):*
   - *утврдување на референтни цени*
   - *анализа за вид и обем на ИВФ услуги*
   - *правилник за финансирање на ИВФ услуги*
   - *предлог договори и буџети за ИВФ услуги*
3. *Измени на буџетски плафони за Здравствени установи врз основа на изменет обем на ХОББ;*
4. *Правилник за заштита на лични податоци;*
5. *Матични стоматолози – мислење од Стоматолошка Комора;*
6. *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бифосфонати;*
7. *Разно*

*7.1. Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*7.2. Одлуки за отстапување на основни средства на ЈЗУ Св. Еразмо - Охрид, ЈЗУ Клиника за нефрологија - Скопје, ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија - Скопје и ЈЗУ Општа болница - Струмица;*

*7.3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXIV седница на Управниот одбор одржана на 29.04.2008 година.*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XXXIV седница одржана на 29.04.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Усвојување и разгледување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари-март 2008*

*Љубиша Каранфиловски побара со оглед на фактот што материјалот за оваа точка беше поделен пред почетокот на седницата, точката да се одложи за следната седница. Со предлогот се согласија и останатите членови на Управниот одбор по што Управниот одбор едногласно одлучи кварталниот извештај да се разгледува на следната седница. Истовремено, го прифати предлогот на Ромела Поповиќ Трајкова, извештајот и пред разгледувањето да се објави на интернет страницата на Фондот.*

***ТОЧКА 2-*** *Ин Витро Фертилизација*

*По оваа точка објаснување даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа го образложи доставениот материјал наведувајќи дека стручната служба на Фондот изготвила финансиска анализа имајќи го во вид бројот од 1000 БПО интервенции. Додаде и дека се очекува зголемување на бројот на вакви интервенции за околу 30%. По извршените анализи е утврдена цена од 80.000 денари за една интервенција. Оваа цена е прифатена од четири од постоечките пет здравствени установи што даваат вакви услуги а со петтата сеуште се преговара. Инаку за уредување на оваа материја, од стручната служба на Фондот се изготвени три подзаконски акти, и тоа покрај Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност, уште и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита. Во првиот од овие правилници се предвидени и индикациите за третман со оваа метода кои се според светските стандарди. Во врска со истиот правилник, од Македонското лекарско друштво до Фондот е доставен предлог за доуредување на индикациите за кој сметаме дека е оправдан па ќе го вклучиме во предложениот текст.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша кои елементи на цената имаат најголем удел во нејзината висина на што Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека тоа се хормонската терапија, материјалите и лековите. Потоа додаде дека постојат три вида на третмани со различен удел на составните елементи, но при утврдувањето на цената е извлечена просечна вредност.*

*Потоа Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека за донесување на предложените подзаконски акти, Управниот одбор треба да се увери дека е добиено мислење од сите релевантни чинители во давањето на услугите на БПО, да се информира каква е светската пракса а особено праксата во регионот за плаќање на ваквите услуги од државата и какви ќе бидат финансиските импликации.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека се побарани мислења од повеќе релевантни институции и здруженија и дека писмен одговор е добиен од Македонското лекарско друштво.*

*Страшо Наумоски додаде дека и Лекарската комора контактирала со соодветните секции. За правилникот имаме позитивни реакции зо забелешката за која зборуваше Ромела и која сега ќе биде вклучена во предлогот. Во однос на цените сеуште немаме добиено мислење. Затоа можеби донесувањето на одлуката треба да се одложи за една седмица за кое време ќе се добијат мислења и за одлуката. На оваа седница да се донесат само правилниците.*

*Ромела Поповиќ Трајкова во врска со цената посочи дека единствени кои треба да ја прифатат цената се установите кои ги даваат услугите. Во врска со цената не е потребно мислење од стручните асоцијации.*

*Љубиша Каранфиловски и Трајче Леов се согласија дека со одложување на донесувањето на одлуката во услови кога сите освен една установа од областа на БПО ја прифатиле цената нема ништо да се добие.*

*Во врска со фискалните импликации од финансирањето на БПО, Ромела Поповиќ Трајкова наведе дека тоа ќе чини помалку од 30 милиони денари, средства кои Фондот ги има обезбедено. Средства се обезбедени и за наредните години според оваа цена на услугата. Во однос на прашањето за светските искуства во финансирањето на БПО, тие се земени предвид во истражувањето што и може да се види од анализата.*

*По ова, Заменикот на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска ги стави предлозите на гласање.*

*За Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност поддршка дадоа четири членови на Управниот одбор а Страшо Наумоски беше воздржан.*

*Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување дополнет со предлогот од Македонското лекарско друштво добија и Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита добија едногласна поддршка од членовите на Управниот одбор.*

*На тој начин, Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност***

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

***и***

***Правилник***
***за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита***

***ТОЧКА 3-*** *Измени на буџетски плафони за Здравствени установи врз основа на изменет обем на ХОББ*

*Ромела Поповиќ Трајкова потсети дека на XXXII и XXXIII седница, за 10 милиони денари беше намален буџетскиот плафон на Клиниката за пулмологија и алергологија поради недоставување на соодветен план за видот и обемот на здравствени услуги од областа на ХОББ. Истовремено беше донесен и заклучок болниците во Лешок и Јасеново и Заводот во Отешево но и Клиниката за пулмологија и алергологија да се известат дека може да конкурираат за средствата со доставување на план за вид и обем на услуги по што ќе се одлучи каде овие средства ќе се насочат. По доставувањето на плановите од овие установи и извршената анализа од страна на стручната служба на Фондот, пред членовите на Управниот одбор е предлогот за распределба. Според него, болницата во Лешок ќе добие 2.895.677, болницата во Јасеново 2.367.625 а заводот во Отешево 4.736.698 денари.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која буџетот на Специјалната болница за ТБЦ Лешок Тетово е зголемен за 2.895.677, на Специјалната болница Јасеново Велес за 2.367.625 а на Заводот за рехабилитација Отешево за 4.736.698 денари.*

***ТОЧКА 4-*** *Правилник за заштита на лични податоци*

*По оваа точка објаснување даде Стојан Петрески. Тој објасни дека донесувањето на ваков правилник е обврска според Законот за заштита на личните податоци. Изготвен е од правната служба на Фондот во соработка со информатичкиот сектор кој ги обработува сите податоци што во вршењето на своите функции ги прибира Фондот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска забележа дека во Правилникот не се предвидени санкции за непридржување кон мерките за заштита на податоците.*

*На ова, Стојан Петрески одговори дека прекршувањето на обврската за заштита на податоците има третман на повреда на работните обврски. Во согласност со тоа, за прекршувањата на оваа обврска санкционирањето ќе се врши според прописите што се однесуваат на работните односи.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и другите податоци со кои располага и ги обработува Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 5-*** *Матични стоматолози – мислење од Стоматолошка Комора*

*Писмото од Стоматолошката комора со барање за зголемување на капитацијата од 35 на 45 денари е пристигнато и поделено пред седницата.*

*Поради тоа, Борис Јосифовски истакна дека Управниот одбор нема мислење од стручната служба на Фондот во писмена форма.*

*Снежана Костадиноска Милошеска побара заменикот на директорот Љатиф Аљиљи да го изнесе ставот на Фондот по ова прашање.*

*Љатиф Аљиљи истакна дека со оглед на интенцијата за постепено исклучување на стоматолошките услуги од пакетот услуги на товар на задолжителното здравствено осигурување, би било нелогично да се зголемува капитациониот бод. Би било корисно по ова прашање да се добие мислење и од Министерството за здравство. Во овој момент не ни е познат ставот на Министерството. Поради тоа, сметаме дека барањето на Стоматолошката комора треба да се отфрли.*

*Љубиша Каранфиловски потсети дека матичните стоматолози одржаа протести. Протестите беа пред Министерството за здравство, па поради тоа ни недостигаат информации што договориле со Министерството како би можеле да одговориме на барањето.*

*По ова, Заменикот на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска побара Управниот одбор да се произнесе во врска со барањето на Стоматолошката комора. Четири членови на Управниот одбор се изјаснија за отфрање на барањето на Стоматолошката комора а Љубиша Каранфиловски беше против отфрлање на барањето.*

*Со тоа, Управниот одбор го отфрли барањето на Стоматолошката комора за зголемување на капитациониот бод од 35 на 45 денари.*

***ТОЧКА 6-*** *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бифосфонати*

*Од причина што за оваа точка не беа доставени материјали, Управниот одбор одлучи таа да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 7-*** *Разно*

*7.1. Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Златко Алексов објасни дека за набавка на преведувачки услуги во Планот беа предвидени повеќе средства а сега се предлага тие да се намалат. Соодветно на намалената вредност и постапката за прибирање на понуди се менува од постапка со објавување на оглас во постапка за Прибирање на понуди без објавување на оглас.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали со вработување на преведувач наместо со набавка на услуги, Фондот може да оствари поголеми заштеди.*

*На ова Златко Алексов одговори дека набавувањето на услугите е поевтино од причина што доколку се вработува преведувач ќе бидат потребни повеќе извршители, за превод од повеќе јазици.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се вршат следните измени: Во класа II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се врши измена на видот на постапката за позицијата број 1, Интелектуални услуги - Превод, од постапка со "Прибирање на понуди со објавување на оглас" во „Прибирање на понуди без објавување на оглас", проценета вредност на договорот од 1.200.000,00 денари, во 300.000,00 денари, како и очекуваниот почеток на постапката од "февруари 2008" во "мај 2008".*

*7.2. Одлуки за отстапување на основни средства на ЈЗУ Св. Еразмо - Охрид, ЈЗУ Клиника за нефрологија - Скопје, ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија - Скопје и ЈЗУ Општа болница - Струмица;*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во наведените јавни здравствени установи Фондот се јавува како инвеститор во градежни објекти и опрема. Поради тоа, овие средства се водат во билансот на состојбата на Фондот а се фактички во функција на овие здравствени установи. Поради тоа, потребно е овие средства да им се отстапат, со што и сите обврски во врска со одржувањето, техничкиот прием и други обврски на овие основни средства ќе преминат на соодветните установи.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
*на ЈЗУ Св. Еразмо - Охрид*

***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
*на ЈЗУ Клиника за нефрологија - Скопје*

***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
*на ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија - Скопје*
*и*
***Одлука***
***за отстапување на основни средства***
*на ЈЗУ Општа болница - Струмица*

*7.3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Слаѓана Пешевска објасни дека во службата за контрола поради зголемениот обем на контроли на аптеките има потреба од зголемување на бројот на извршители на работното место - Републички контролор - инспектор (фармацевт) од 3 на 4.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кој бројот на извршители на работното место - Републички контролор - инспектор (фармацевт) е зголемен од 3 на 4.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 13.20 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на Претседателот,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***